Врз основа на одредбите од член 385 ст.6 од Законот за Трговските Друштва и по член 32-а од Статутот на Друштвото, Одборот на Директори на Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД Градско, со седиште на ул.„АВТОПАТ“ бр.4 Градско, со ЕМБС 4024168 и ЕДБ 4004989100882, преставувано од овластеното лице: Генерален Директор и извршен член на Одборот на Директори, ВСС-дипл.земјоделски инжинер ЈАНИ ЌУКА од Скопје, на ден 28.01.2022 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
# број 0202-1/2022

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Барањето за свикување на Собрание на Акционери на Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД Градско, поднесено од страна на Барателот-Акционер: Друштво за управување и консалтинг ВИРИДИ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„РОЗА ЛУКСЕМБУРГ 8/6“ Скопје- Центар, со ЕМБС: 7350910 и ЕДБ: 4080019581703, престаувано од законскиот застапник Никола Деребанов од Охрид, со живеалиште на ул.„Боро Шаин“ бр.17А во Охрид. КОЈ ИМА МНОЗИНСТВО ОД СИТЕ АКЦИИ СО ПРАВО НА ГЛАС и тоа: 1.052.010 Акции со право на глас од вкупно 1.384.223 акции со право на глас.

**Член 2**

СЕ СВИКУВА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ на Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД Градско, за ден 03.03.2022 год. (Четврток) во просториите на Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД Градско на улица: „Автопат“ бр.4 Градско, со следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

***I. Процедурален дел:***

*- Утврдување на кворум за работа;*
*- Избор на Претседавач на Собранието;*
*- Избор на бројач на гласови;*
*- Записникот ќе го води Нотар.*

***II. Работен дел:***

*1. Расправа и Донесување на Одлука за усвојување на Записникот од последното одржано Собрание на акционерското друштво;*
*2. Расправа и Донесување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на Друштвото преку зголемување на бројот на членови на Одборот на Директори и тоа од четири членови како што е предвидено во член 43став 2 од Статутот на Друштвото, Одборот на Директори да се зголеми на седум членови а со тоа и измена на членот 43 став 2 од Статутот на Друштвото;*
*3. Расправа и донесување на Одлука за отповикување на Димитар Хаџиев од Скопје како неизвршен член на Одборот на Директори на Друштвото;*
*4. Расправа и донесување на Одлука за избор на членови на Одборот на Директори на Друштвото;*
*5. Расправа и Донесување на Одлука за усвојување на пречистен текст на Статутот на Вардар АД Градско.*

СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА ДРУШТВОТО СЕ СВИКУВА СО ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК до акционерите на Друштвото, и тоа во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на РМ, со следната содржина:

*„Врз основа на член 385 и член 387 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на*
*Република Северна Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10, 24/11, 166/12,*
*70/13, 119/13, 120/2013, 187/2013, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16), а во врска со член 32-а од Статутот на Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД Градско и Одлуката на Одборот на директори бр. 0202-01/2022 од 28.01.2022 година, Одборот на директори на Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД Градско го објавува следниот:*

***ЈАВЕН ПОВИК***
***за свикување и одржување на Собрание на акционери***
***на ВАРДАР АД Скопје***

*Годишното Собрание на акционери на ВАРДАР АД Градско ќе се одржи на ден 03.03.2022 година (Четврток) со почеток во 12.00 часот во просториите на Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД Градско на улица: „Автопат" бр.4 Градско, со следниот:*

***ДНЕВЕН РЕД***

***I. Процедурален дел:***
*- Утврдување на кворум за работа;*
*- Избор на Претседавач на Собранието;*
*- Избор на бројач на гласови;*
*- Записникот ќе го води Нотар.*

***II. Работен дел:***
*1. Расправа и Донесување на Одлука за усвојување на Записникот од последното одржано Собрание на акционерското друштво;*
*2. Расправа и Донесување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на Друштвото преку зголемување на бројот на членови на Одборот на Директори и тоа од четири членови како што е предвидено во член 43став 2 од Статутот на Друштвото, Одборот на Директори да се зголеми на седум членови а со тоа и измена на членот 43 став 2 од Статутот на Друштвото;*
*3. Расправа и донесување на Одлука за отповикување на Димитар Хаџиев од Скопје како неизвршен член на Одборот на Директори на Друштвото;*
*4. Расправа и донесување на Одлука за избор на членови на Одборот на Директори на Друштвото;*
*5. Расправа и Донесување на Одлука за измена и дополнување на Актот за основање на Друштвото;*
*6. Расправа и Донесување на Одлука за усвојување на пречистен текст на Статутот на Вардар АД Градско.*

*Материјалите и документи кои ќе се разгледуваат на собранието како и предложените одлуки за донесување ќе бидат достапни до Акционерите на начин што сметано од денот на објавувањето на јавниот повик ќе се депонираат во приемната канцеларија на секретарката во седиштето на друштвото и истовремено ќе се прикачат на интернет страната на Друштвото на следниот линк:* http://vardargradsko.mk/, *а Акционерите имаат право секој работен ден од 09.00 до 12.00 часот до одржување на собранието, да извршат непосреден увид во материјалите за собранието во присуство на секретарката или друг овластен работник со тоа што се должни да*

*претходно се легитимираат како акционер на друштвото со презентирање на писмено известување од Централниот депозитар за хартии од вредност дека се запишани во акционерската книга на друштвото, а нивните полномошници и со презентирање на писмено полномошно заверено кај нотар.*

*Се повикуваат акционерите на Вардар АД Градско да гласаат по точките од дневниот ред објавени во Јавниот повик, со пополнување на Образец за гласање со коресподенција, кој е објавен на официјалната интернет страна на Друштвото на следниот линк:* http://vardargradsko.mk/.

*Уредно пополнетиот Образец за гласање со коресподенција, акционерите треба да го достават во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот правно лице.*
*За потребите на идентификација, заедно со пополнетиот Образец за коресподенција, акционер физичко лице потребно е да достави и копија од документ за идентификација (лична карта).*
*За потребите на идентификација, заедно со пополнетиот Образец за коресподенција, акционер правно лице потребно е да достави и копија од важечка тековна состојба на правното лице и копија од документ за идентификација (лична карта) на законскиот застапник на правното лице.*
*Пополнетиот Образец за коресподенција во оригинал заедно со погоре наведените документи за идентификација, со назнака „за Собрание на акционери" треба да бидат примени во седиштето на ВАРДАР АД ГРАДСКО, на ул. "Автопат" бр.4 Градско, најдоцна до 03.03.2022 година до 12.00 часот.*

*Собранието на акционери ќе одлучува само за прашања што се уредно ставени на дневниот ред, во согласност со Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва. Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин утврден согласно одредбите од Законот за трговски друштва.*

*Секој акционер може да овласти свој полномошник на собранието на акционери, на начин и под услови утврдени со закон, со потпишување на писмено полномошно. Секој акционер кој дал писмено полномошно и назначил свој полномошник е должен да го извести Друштвото со писмено известување на горенаведената адреса и назнака, или по електронски пат на следната мејл адреса: direkcija@vardargradsko.mk со доставување на полномошното во скенирана форма, во спротивно ќе се смета дека полномошното не е издадено.*
*Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на јавниот повик за свикување на Собранието, односно најдоцна до 07.02.2022 година, да предложат дополнување на предложениот дневен ред со барање за вклучување нови точки или одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.*
*Предлагањето точки/одлуки по дневниот ред се врши со писмено известување доставено на горенаведената адреса и назнака или по електронски пат на е-поштата: direkcija@vardargradsko.mk-*
*Предлогот се доставува во писмена/скенирана форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционери(и) физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер(и) правно лице. Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:*

*1. За акционер физичко лице, се приложува:*

*- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена и*
*- Копија од лична карта или пасош.*

*2. За акционер правно лице, се приложува:*
*- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена,*
*- Последна тековна состојба од Централен регистар во оригинал не постара од 7 (седум) дена и*
*- Копија од лична карта или пасош на застапникот по закон.*

*Акционерите имаат право да поставуваат прашања по точките од дневниот ред со доставување на прашање во писмена форма најдоцна до 24.02.2022 година до 12.00 часот, на горенаведената адреса на Друштвото. Одговорите на поставените прашања од седница на Собранието ќе бидат објавени на интернет страната на Друштвото* http://vardargradsko.mk/ *во форма на прашање и одговор.*

*Прашањата се доставуваат во писмена форма во оригинал на горенаведената адреса и назнака, или по електронски пат во скенирана форма на е-пошта direkcija@vardargradsko.mk со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер(и) физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер(и) правно лице. Заедно со прашањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:*

*1. За акционер физичко лице, се приложува:*
*- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена и*
*- Копија од лична карта или пасош.*

*2. За акционер правно лице, се приложува:*

*- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена,*
*- Последна тековна состојба од Централен регистар во оригинал, не постара од 7 (седум) дена и*
*- Копија од лична карта или пасош на застапникот по закон.*

*Акционерите можат да се запознаат со материјалите по дневниот ред и со дополнителните информации, согласно важечката законска регулатива, на интернет страната на Друштвото* http://vardargradsko.mk/ *од денот на објавувањето на овој Јавен повик.„*

**Член 4**

СЕ ОВЛАСТУВА овластеното лице: Генерален Директор и извршен член на Одборот на Директори, ВСС-дипл.земјоделски инжинер ЈАНИ ЌУКА од Скопје веднаш и без одлагање - да ги превземе сите потребни дејствија за објавување на Јавниот Повик до акционерите на Друштвото во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на РМ, и веднаш да ги подготви и да ги депонира сите потребни материјали за работата на свиканото собрание на акциноери - во приемната канцеларија на секретарката во седиштето на друштвото, заради овозможување на увид на истите на заинтересираните Акционери на ова Друштво.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Градско,
28.01.2022 год.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ:

ЧЛЕН НА О.Д.:____________________
НИКОЛА ДЕРЕБАНОВ

ЧЛЕН НА О.Д.:____________________
ЈАНИ ЌУКА

ЧЛЕН НА О.Д.:____________________
ВАНЧО ГЕОРГИЕВ

ЧЛЕН НА О.Д.:____________________
ДИМИТАР ХАЏИЕВ

Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД ГРАДСКО